Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 238//0306
17.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО МЕДИЈАЦИЈА**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот **„КВИР ЦЕНТАР“ од Скопје** до Извршната канцеларија на СЕММ, на 10.10.2024 г., упати жалба за медиумот Дојче Веле - редакција на македонски јазик, за објавен текст на неговиот налог на Фејсбук на 19.10.2024 г., со наслов “**Азис: Ми простија што сум геј и циганин поради гласот“**, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителот појаснил дека, конкретно, се жали на „...коментарите на објавената содржина кои содржат навредлив говор кон Азис лично, но и кон целата ЛГБТИ+ заедница.“ Некои од овие коментари се особено загрижувачки, бидејќи директно поттикнуваат на насилство и ја загрозуваат безбедноста на луѓето. Покрај ова, жалителот појаснува дека не го обвинува медиумот, туку сака да поттикне негова поголема активност во контролата на коментарите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледување на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, со потсетување и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација. Притоа, детално беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека при известувањето е постапено неетички.

Од медиумот веднаш одговорија дека прифаќаат дел од забелешките на Квир Центарот. Притоа, во одговорот потпишан од Борис Георгиевски, раководител на Дојче Веле на македонски, меѓу другото, се вели дека од денот кога е објавено видеото до 17 ноември 2024 година, администраторите на Фејсбук страницата на DW Македонски избришале над 300 коментари и реакции со навредлива содржина. Во одговорот се наведува и следното:

„Во согласност со нашето Упатство за пристојна дебата http://dw.com/p/1DOmJ, по добивањето на жалбата од Советот за етика во медиумите, на 18.11.2024, спроведена е уште една анализа на содржините на коментарите за споменатиот прилог, и избришани се дополнително уште најмалку 200 коментари кои не се во согласност со нашиот правилник. Дополнително, нашата внатрешна анализа утврди дека над 80% од профилите кои се појавуваат со коментари на прилогот, не се наши следбеници и потекнуваат од повеќе земји од регионот. На најголемиот дел од овие профили им е забранет пристап до нашата страница во иднина.

Сакаме да Ве информираме дека DW има политика на нулта толеранција за навредливи, дискриминирачки, расистички, порнографски, сексистички и ксенофобични содржини“ – се вели во одговорот од медиумот.

Комисијата во дополнителна комуникација со подносителот на жалбата доби одговор дека тој се согласува случајот да биде решен по пат на медијација.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи постапката по оваа жалба да заврши по пат на медијација, со оглед дека медиумот веднаш реагирал и пристапил кон масовно бришење на спорните коментари, а дополнително им забранил на профилите од каде биле испратени натамошен пристап до нивниот налог на Фејсбук.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст, аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата, како и одговорот на медиумот. Притоа беше нагласено дека видео материјалот е објавен само на Фејсбук страната на медиумот, како и дека жалителот со право реагира на коментарите, кои и според насоките за етичко известување на онлајн медиумите се одговорност на медиумот, односно треба да се отстранат доколку содржат говор на омраза или друг непримерен говор. Комисијата констатира дека медиумот постапил совесно и одговорно и ги отстранил спорните коментари, а презел и други мерки за спречување на вакви прекршувања во иднина.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис. На состанокот на Комисијата не присуствуваа Димитар Мицев и Зериета Јајага.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот..*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595